# Системот на Безбедност и здравје при работа во колективните договори

Лазар Јовевски

# Содржина:

1. Вовед.....................................................................5
2. Законски регулативи и механизми за заштита на здравјето и безбедноста при работа во РСМ.....................................................................7
   2.1. Закон за Безбедност и здравје при работа............................................................8
   2.2. Конвенција број 155 од МОТ.....................13
   2.3. Безбедноста и здравјето при работа во актите на Европска Унија……...................15
3. Застапеноста на системот на Безбедност и здравје при работа во системот на колективните договори во РСМ...............................................................20
   3.1. Колективен договор на акционерското друштво за производство на електрична енергија електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје....................21
   3.2. Синдикат за образование, наука и култура – СОНК......................................................25
   3.2.1 Колективен догоовр за јавните установи за деца во дејноста згрижување и воспитание на децата и во дејноста одмор и рекреација на децата................................25

3.2.2 Колективен договор за основното образование во Република Македонија..27
3.2.3 Колективен договор за средното образование во Република Македонија..27
3.3. Синдикат на администрација и државната управа на Република Македонија – САДУ.........................................................28
3.3.1 Општ колективен договор јавниот сектор на Република Македонија.........................28
3.3.2 Колективен договор за уредување на правата, обврските и одговорностите од работен однос во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија..............................................28
3.3.3 Колективен договор на Општина Кисела Вода...........................................................28
3.3.4 Општ колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството..........30
3.3.5 Колективен договор на Министерството за одбрана....................................................30
3.4. Синдикат на работниците од угостителството, туризмот, комунално – станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на Република Македонија – СУТКОЗ...............................32
3.4.1 Колективен договор за комунални дејности..................................................32

3.4.2 Колективен договор за угостителство на Република Северна Македонија.............33
3.4.3 Колективен договор за заштитните друштва во Република Северна Македонија.............................................34
3.5. Синдикат на работниците од текстилната, кожарската и чевларската индустрија на Република Македонија – СТКЧ.................35
3.5.1 Колективен договор за текстилната индустрија на Република Северна Македонија.............................................35
3.5.2 Колективен договор за кожарската и чевларската индустрија во Република Северна Македонија................................36
3.6. Агро – Синдикат.......................................36
3.6.1 Колективен договор за вработените од тутунското стопанство на Република Северна Македонија................................36
3.6.2 Колективен договор за вработените во земјоделството и прехранбената индустрија................................................37
3.7. Синдикат на хемија, неметали и метали на Република Македонија – СХНМ...............38
3.7.1 Колективен договор за хемиската индустрија..............................................38
3.8. Самостоен синдикат на здравството, фармацијата и социјалната заштита........38

3.8.1 Колективен договор за здравствената дејност.....................................................38
3.8.2 Колективен договр за социјална заштита.....................................................40
3.9. Македонски полициски синдикат – МПС ................................................................41
3.9.1 Колективен договор на Министерството за внатрешни работи....................................41
3.10 Синдикат на одбраната и безбедноста – СОБ........................................................43
3.10.1 Колективен договор на Министерството за одбрана.....................................................43
3.11 Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија – УПОЗ.......................................................44
3.11.1 Колективен договор на државните, правосудните и органите на единиците на локална самоуправа ................................44
3.12 Синдикат на работниците од шумарството, дрвната индустрија и енергетиката на Република Македонија – СШДЕ...............45
3.12.1 Колективен договор за работниците во јавното претпријатие за стопанисување со шуми – Македонски шуми.......................45
3.13 Самостоен синдикат на работниците од

енергетика и стопанство на РСМ – ССЕСМ.....................................................46
3.13.1. Колективен договор за енергетика..........46
4 Статистички податоци од Република Северна Македонија..................................................................48
4.11 Извештај на несреќи при работа.............48
5 Предлог мерки..........................................................54

## 1. ВОВЕД

Безбедноста и здравјето при работа претставува подрачје која во себе опфаќа повеќе дисциплини и гранки. Овде спаѓаат медицината, техниката, психологијата, андрагогијата, организацијата и сл. Во овие дисциплини се предвидени бројни прописи кои што се однесуваат на одделни дејности и процеси кои ги опфаќа трудовото право. Безбедноста и здравјето при работа, како и заштитата на истото при работа и работните процеси, се збир на мерки, стандарди и нормативи, кои се пропишани со цел создавање на безбедни услови за работа.

Оваа област е уставно загарантирана категорија која е предвидена во член 32 од Уставот на Република Северна Македонија: „Секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност. Секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно

место. Секој вработен има право на соодветна заработувачка. Секој вработен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор. Од овие права вработените не можат да се откажат. Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.“ Покрај тоа што безбедноста и  заштита на здравје при работа е уставна категорија во нашето право таа е регулирана и во со посебен закон односно Законот за заштита на здравјето и безбедност при работа, како и со конвенцијата број 155 од МОТ како и во акти и конвенции на Европската унија.

Во оваа анализа детално ги разработивме сите акти и конвенции кои нашата држава ги има имплеметирано во нашиот правен систем за заштита и безбедноста на здравјето при работа, и притоа направивме посебен осврт на колективните договори и колку во нив се е разработен систем на безбедност и здравје при работа и какви решенија се предвивуваат во различните гранки за заштита на здравјето и безбедноста при работа. Преку претходни анализи за колективните договори и соджинскиот опфат на системот на Безбедноста и здравјето при работа, односно на нивна применлиа имплементација во истите, имавме можност да собереме податоци, информации, мислења, како и споделени искуства од секојдневната пракса. Анализата ги содржи статистичките податоци за последната година, споредено

со 2017 година, а за повредите на работното место, професионалните болести, смртните случаи. Врз основа на оваа сеопфатна анализа ние предлагаме конкретни мерки преку кои имаме намера да се подобри генералната состојбата, како и конкретната, со безбедноста и здравјето при работа односно правни решенија и решенија за нивна поголема имлементација.

## 2. ЗАКОНСКИ РЕГУЛАТИВИ И МЕХАНИЗМИ ЗА ЗАШТИТА НА ЗДРАВЈЕТО И БЕЗБЕДНОСТА ПРИ РАБОТА ВО РСМ.

Систем на заштита на безбедноста и здравјето при работа во нашиот правен систем претставува составен дел на организацијата на работата и работниот процес поради што здравјето и безбедноста при работа мораат да бидат обезбедни за секој работник и за секоја работа без оглед на видот или сложеноста на работата. Нашиот систем за заштита на безбедноста и здравјето при работа покрај тоа што обезбедува заштита на вработените од физички повреди обезбедува и заштита на психичката личност на вработените. Работната средина е од многу големо значење со оглед на тоа дека тоа е секојдневна рутина на вработените, но и на нивните работодавачи, и со самото тоа зема голем уддел во нивните животи, како и одраз на понатамошните животни активност

## 2.1. Закон за безбедност и здравје при работа

Законот за безбедност и здравје при работа има значајна улога во деталното уредување на безбедноста и здравјето на вработените. Со Законот за безбедност и здравје при работа се утврдуваат мерките за безбедност и здравје при работа, обврските на работодавачот и правата и обврските на вработените од областа на безбедноста и здравјето при работа, како и превентивните мерки против професионалните ризици, отстранувањето на ризичните фактори за несреќа, информирање, консултирање, обука на работниците и нивните претставници и нивно учество во планирањето и преземањето на мерки на безбедност и здравје при работа. Одредбите на законот се применуваат во сите дејности на јавниот и приватниот сектор, за сите лица осигурени од повреда на работното место или професионалните болести според прописите за пензиското, инвалидското и здравственото осигурување и за сите други лица кои се вклучени во работните процеси. Одредбите од овој закон не се применуваат во дејностите доколку со посебен пропис е регулирана оваа материја (на пример: вооружените сили, полицијата, во некои посебни активности на силите за заштита и спасување) како и на куќните помошници.

Врз основа на законот Работодавачот има обврска да обезбеди средина која ќе гарантира безбедност и здравје

при работа за неговите вработени од секој аспект поврзан со работата. Во рамките на неговите обврски, работодавачот мора да презема мерки потребни за безбедност и здравје при работа на вработените, вклучувајќи заштита од професионални ризици, обезбедување информации и обука и обезбедување соодветна организација и потребни средства, односно да воведе такви заштитни мерки. Државен инспекторат за труд е должен да избере такви работни и производствени методи кои ќе го подобрат нивото на безбедноста и здравјето при работа, а ќе се вклучат во сите дејности на работодавачот и на сите нивоа на организација. Обврските и работите на безбедноста и здравјето при работа, работодавачот може да ги довери на овластени правни или физички лица, доколку тој не е во можност или нема соодветни стручни вработени и техничка опременост таквите работи и обврски самостојно да ги извршува. Ангажирањето на надлежни надворешни овластени правни или физички лица за извршување на стручните задачи во врска со безбедноста и здравјето при работа не го ослободуваат работодавачот од неговите одговорности во оваа област, туку само ги делегира овие обврски на други лица. Работодавачот останува одговорен за секој аспект од овозможените или неовозможените услови за безбедност и здравјето при работа на вработените.

Работодавачот ги спроведува мерките за безбедност и здравје при работа врз основа на следниве основни начела:

- избегнување на ризици;
- проценување на ризиците кои не може да се избегнат;
- справување со ризиците на самиот почеток;
- прилагодување на работата кон поединецот особено во однос на карактеристиките на работното место и работната средина;
- изборот на личната заштитна опрема;
- изборот на хемиски супстанци или препарати;
- изборот на работни и производни методи;
- спроведување на мерките потребни за одржување и зајакнување на здравјето;
- прилагодување кон технолошкиот напредок;
- замена на опасното со безопасно или помалку опасно;
- развивање на целосна безбедносна стратегија која опфаќа, технологија, организација на работа, работни услови, меѓучовечки односи и фактори кои влијаат врз работната средина;
- давање приоритет на колективните безбедносни мерки наспроти поединечните мерки;
- обезбедување на соодветни упатства и инструкции и известувања на вработените.

Како нова институција и многу значајна по безбедноста и здравјето при работа на вработените е и обврска на работодавачот тоа што мора да изготви и спроведе изјава за безбедност за секое работно место за проценка на ризик, прецизирајќи го начинот, како и мерките кои треба да се преземат. Ако се променат условите или појави нова опасност на работно место и работната средина за која претходно е изготвена изјава, работодавачот мора да направи нова изјава за безбедност. Изјавата за безбедност се заснова врз безбедност и здравје при работа идентификација на опасноста и проценка на ризиците по безбедноста и здравјето на работното место и во работната средина на која се однесува изјавата за заштита. Начинот на изготвување на изјава за безбедност, нејзината содржина како и податоците врз кои треба да се заснова проценката на ризикот, се пропишани со Правилникот за начинот на изготвување на изјавата за безбедност, нејзината содржина како и податоците врз кои треба да се заснова проценката на ризикот (Сл.весник на РМ бр. 5/09).

Рабодотавачот ја организира безбедноста и здравјето при работа во зависност од технолошкиот процес, со примена на научно-стручни методи и во согласност со современите достигнувања, при што стручните работи на безбедност ќе ги врши работник со стручна

подготовка за безбедност при работа или друга стручна подготовка адекватна на технолошкиот процес на работодавачот, или ќе користи надворешни услуги од овластени правни или физички лица.

Работодавачот мора да обезбеди мерки за безбедност и здравје при работа особено со преземање на следниве мерки:

- назначување на едно или повеќе стручни лица за безбедност;
- ангажирање на овластена здравствена установа за вршење стручни задачи за здравје при работа;
- донесување на безбедносни мерки против пожар во согласност со посебни прописи;
- донесување мерки за прва помош и евакуација во случај на опасност;
- обука на вработените за безбедно извршување на работата врз основа на сопствена програма;
- обезбедување опрема за лична заштита за вработените и нејзината употреба, доколку преземените безбедносни мерки во работната средина не се доволни;
- вршење повремени прегледи и испитување на работната средина и опрема; и
- следење на здравствената состојба на вработните

## 2.2. Конвенција број 155 од Меѓународната Организација на трудот

Безбедноста и здравјето при работа е предвидена и со една од Конвенциите на МОТ, и тоа со Конвенцијата број 155 на Меѓународната организација на трудот. Оваа Конвенција е донесена на 3 јуни 1981 година во Женева, а стапила во сила на 11.08.1983 година. Конвенцијата е ратификувана од страна на Собранието на РМ во 1991 година, а тоа подразбира дека одредбите на конвенцијата се дел од нашето работно законодавство, и истите се почитуваат онака како што се наведени во Конвенцијата. Конкретна имплементација на одредбите на наведената Конвенцијата се Значаен дел од одредбите на оваа Конвенција, и се имплементирани во Законот за безбедност и здравје при работа (Сл. Весник на РМ бр. 92/07).

Според членот 4 од Конвенцијата секоја членка, поаѓајќи од националните услови и практики, а во консултација со најголем дел од преставниците на организациите на работодавачите и работниците (репрезентативните), треба да формулира, имплементира и периодично да ревидира кохерентна национална политика за безбедност и здравје. Ова подразбира дека секоја држава членка на МОТ што ја ратификувала наведената конвенција треба да ја усвое Национална политика, односно Национална

програма за безбедност и здравје. Во тој контекст, како главна цел на таквата политика треба да биде заштитата од несреќи и повреди на здравјето чие што настанување е поврзано со работното место, преку смалување на ризиците поврзани со работното опкружување во разумни граници.

Оваа Конвенција се однесува на сите работници во гранките на стопанската дејност, каде што се применува. Република Северна Македонија како земја-членка што ја ратификува оваа Конвенција, може по консултации со претставници на репрезентативните организации на засегнатите работодавачи и работници, да исклучи од примена, целосно или делумно, одредена категорија на работници, за случаите каде што постојат посебни тешкотии за нејзината примена. Исто така, државата има должност да ги наведе во својот прв извештај за примената на Конвенцијата, кој се поднесува според член 22 на Уставот на Меѓународната организација на трудот, категориите на работници коишто можат да бидат исклучени согласно став 2 од овој член, наведувајќи ги причините за ваквите изземања, а во последователните извештаи треба да се наведе каков било напредок кон нејзина поширока примена.

## 2.3. Безбедноста и здравјето при работа во актите на Европска Унија

Како држава која што се стреми да биде дел од Европското семејство односно земја членка на ЕУ, Република Северна Македонија мора своето законодавство во целост да го усогласи со Европското законодавство, поради што мораме да укажеме на давање на посебен акцент на системот за заштита на здравјето и безбедноста при работа во ЕУ.

Заштита на здравјето и безбедноста при работа во Европа отсекогаш била приоритет и основа за градењето на националните трудово правни системи, односно уште со самата појава на трудовото законодавство се појавува заштитата при работа но таа се однесува само на одредена категориа на работници. Првиот акт кој што е донесен во рамките на Европа е Законот за заштита на децата од 1802 година. Меѓутоа својот подем оваа област во Европа го започнува веднаш по Втората светска војна како резултат на формирањето на Советот на Европа и Европските заедници.

Во продолжение на кратко ќе бидат обработени најважните акти на ЕУ кои се однесуваат на системот за безбедност и здравје при работа. Како поважни акти на ЕУ кои се значајни за безбедноста и здравјето при работа се

Единствениот европски акт од 1986, и Европската социјална повелба на Советот на Европа од 1961 година,

Во Договорот за основање на Европската унија, во поглавјето XI, Глава 1, кои се однесуваат на одредби за социјални прашања, поточно во членовите 136 и 137, е наведено дека Заедницата и државите членки, имајќи ги во предвид социјалните права, што се предвидени со Европската социјална повелба и Повелбата на Заедницата за основните права на работниците, стои дека имаат за цел, меѓу другото и подобрување на условите за живот работа, односно ,,подобрување на..., особено на работната средина, заради заштита на здравјето и безбедноста“.

Во членот 118А од **Едиствениот европски акт** од 1986 стои дека ,,Државите-*членки се обврзуваат да го промовираат подобрувањето особено во доменот на работната средина, заштитата и безбедноста и здравјето на работниците и си поставуваат за цел хармонизација и прогрес на постојните услови во овој домен“.*

**Европската социјална повелба** е донесена на 18.10.1961 година од страна на Советот на Европа, а стапи во сила во 1965 година. Повелбата двапати е ревидирана во 1988 и 1996 година во кои договорните страни како цел на својата политика имаат задача да го *,,остваруваат и принципот*

*дека сите работници имаат право на безбедни и здрави работни услови (Дел 1 т. 3).* Во Делот 2 од Повелбата во членот 3 стои: „со цел обезбедување на ефикасно остварување на правото на безбедни и здрави услови за работа, државите договорнички се обврзаа, во консултација со организациите на работодавачите и работниците да:

1. формулираат, применат и периодично ги надгледуваат единствената национална политика за безбедност и здравје на работа и работната средина. Првенствена цел на оваа политика е подобрување на безбедноста и здравјето на работа и спречување на повредите до кој може да дојде, а се врзани за работата или се случуваат за време на работа, посебно така што би се смалувале причините и ризиците до кои неминовно доаѓа во работната средина.

Оваа повелба има многу важна улога во регулирањето на односите од работната сфера, каде важно место зазема и безбедноста и здравјето на работниците.

2. Да донесе прописи во врска со безбедноста и здравствени прописи;

3. Да обезбеди примена на таквите прописи со мерки на соодветен надзор и

4. Да го унапреди развојот на здравствената служба на работа за сите работници кои би имале превасходно превентивни и советодавни функции.“

Исто така, Европската Социјална Повелба со членот 11 ги обврзува државите договорнички да преземат соодветни мерки со кои би требало да се елиминираат во најголема мера причините за лошо здравје, да обезбеди советодавни и образовни поволности за унапредување на здравјето и поттикнување на индивидуалните одговорности за прашања на здравјето, како и да спречи во најголема возможна мера епидемиолошки, ендемски и други болести, како и несреќни случаи.

**Повелбата на Заедницата за основните социјални права на работниците**, усвоена на состанокот на шефовите на државите или владите на државите членки на ЕЕЗ одржан во Стразбург на 9 декември 1989 година, исто така посветува значајно место на заштитата на здравјето и безбедноста во работните средини. Во членот 19 од Повелбата е утврдено дека *,,секој работник мора да бенифицира во сопствената средина на работење од задоволителните услови на заштита на неговото здравје и безбедност,,* односно да бидат преземени *,,адекватни мерки за заштита,,* особено за вклучување на работниците од информирање и консултирање во

*поглед на тековните ризици и преземените мерки за нивно надминување или смалување.*

Директивата бр.83/391 од 16.06.1989 година која се фундира врз членот 118А ги уредува општите принципи кои продуцираат низа други препораки во рамките на оваа сфера. Оваа рамковна Директива има за цел да ја подобри безбедноста и здравјето на работниците што работат. Таа ги утврдува општите принципи кои се систематизирани во два вида и тоа: акција против ризиците (еваулација, елиминација, превенција, адаптација кон техничката еволуција), како и општите обврски на работодавачите и работниците во однос на здравјето и безбедноста на работното место.

Од горенаведените правни инструменти на Европската Унија, можеме да со сигурност да констатираме дека нормативно оваа сфера е релативно добро нормативно регулирана што преставува добра основа за понатамошно правно регулирање на оваа проблематика и на национално ниво на државите - членки на Европската Унија, како и на државите кандидати за членство во Евроспката Унија.

## 3. ЗАСТАПЕНОСТА НА СИСТЕМОТ НА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ВО КОЛЕКТИВНИТЕ ДОГОВОРИ ВО РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА

Колективното договарање претставува преговарање помеѓу работодавачот, група работодавачи или организација на работодавачи од една страна и една или повеќе организации на работници од друга страна преку кое преговарање се утврдуваат работнте услови, условите за вработување, регулација на односите помеѓу работниците и работодавачите органиациите на работници и работодавачи. Токму како тема или предмет при преговарањето се и здравјето и безбедноста при работа како дел од преговарањата за условите за работа. Колку ќе биде разработен и усовршен системот за здравје и безбедност при работа пред се зависи од капацитетот, иновативноста и желбата на засегнатите страни да преговараат за оваа област и она што ќе го договорат да го вметнат, односно имплементираат во колективните договори, и оттука активно да го применуваат. Со цел да ја утврдиме фактичката состојба на системот на здравјето и безбедноста при работа, во колективни договори кои ги анализиравме, направивме една конструктивна обработка во која ги анализиравме сите колективни договори на ниво на гранка и колку во нив е разработен, разбран, и имплементиран системот на безбедност и здравје при работа.

## 3.1. Колективен договор на акционерското друштво за производство на електрична енергија електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје

Безбедноста и здравјето при работа, најпрво е предвидена во член 16 од овој Колективен Договор, и тоа во обврски кои треба да ги почитува работникот, односно предвидено е „да ги почитува и спроведува прописите за безбедност и здравје при работа, да го заштити својот живот и здравје, како и здравјето и животот на другите лица“.

Безбедноста и здравјето при работа исто така се предвидува и кај обврските на друштвото во член 18, односно предвидено е дека друштвото има обврска „да му обезбеди услови за безбедност за животот и здравјето при работа на работниците, во согласност со посебните прописи за безбедност и здравје при работа, и исто така да обезбеди ниеден работник да не биде жртва на психичко вознемирување и полово вознемирување“.

Безбедноста и здравјето при работа игра голема улога за скратеното работно време во посебни услови, затоа што, за работните места кои се особено тешки, напорни и штетни по здравјето, а чие штетно влијание врз здравјето, односно работната способност на работникот не може во

целост да се отстрани со заштитни мерки, односно кај кои постојат поголеми опасности од повреди или здравствени оштетувања, работното време се скратува и може да трае помалку од 36 часа неделно. Оваа одредба е предвидена во член 22 од колективниот договор.

Во случај на смрт на работник предизвикана од несреќа при работа, на неговото семејство се исплатува надоместок во висина од пет плати од просечната месечна нето плата во друштвото исплатена во претходните три месеци – член 81 од колективниот договор.

Во член 83 е предвидено дека на работникот кој е повреден на работа или во врска со работата му се исплаќа надоместок на направените трошоци за лекување, во случаи кога не може да се наплати колективното осигурување или од Фондот за здравствено осигурување, а лекувањето е во рамките на задолжителното осигурување.

Покрај овие членови, во Колективниот договор на акционерското друштво за производство на електрична енергија електрани на Македонија, постои цел дел на одредби кои ги регулираат безбедноста и здравјето при работа. Па така, како што веќе беше наведено, член 99 предвидува дека друштвото има обврска да обезбеди безбедност и здравје при работа за работниците од секој аспект поврзан со работата соглано Закон, и овој Договор.

Во член 100 е предвидено дека друштвото организира безбедност и здравје при работа, во зависност од технолошкиот процес со примена на научно стручни методи, во согласност со современите достигнувања, при што стручните работи на безбедност ќе ги врши работник со стручна подговотовка за безбедност при работа или друга стручна подготовка адекватна на технолошкиот процес во Друштвото. Безбедност и здравје при работа е поим кој ги опфаќа сите техничко – технолошки, организациони, правни, специјални и здравствени мерки, како и други средства и методи со кои се создаваат безбедни услови за работа на работникот. Друштвото е должно да го обезбеди остварувањето на правото на работниците за безбедност и здравје при работа, преку свои претставници кои учествуваат во утврдувањето на недостатоците и во подобрувањето на условите за работа и работна средина.

Кога станува збор за безбедноста и здравјето при работа, предвидено е дека друштвото има најмалку 16 претставници на работниците за безбедност и здравје при работа, и тоа пропорционално на бројот на вработени во секој организационен дел на Друштвото согласно со Закон, и нив ги избира Синдикалната организација на Друштвото. Претставниците на работниците за безбедност и здравје при работа од своите редови избираат еден координатор. Овие претставници за безбедост и здравје

при работа уживаат посебна заштита од работен однос, што ја има и претставникот на Синдикалната оргаизација на Друштвото, согласно со Закон, и со овој колективен договор. Претставниците на работниците за безбедност и здравје при работа имаат право на посебна обука за безбедност и здравје при работа, специфична за дејноста која ја извршува Друштвото, на товар на Друштвото. Друштвото е должно на претставниците на работниците за безбедност и здравје при работа, да им овозможи стручно оспособување во согласност со Програмата за обуки за безбедност и здравјето при работа, контрола на задолжителните, редовни, теоретски и практични испити за безбедност и здравје на работните места, каде е констатирана зголемена опасност од повреди и нарушување на здравјето, непречено вршење на контрола во спроведување на мерките за безбедност и здравје при рабтоа, обиколка на работните места, заради согледување на состојбата во врска со безбедноста и здравјето при работа, да ги согледуваат со работодавецот потребите и проблемите во врска со безбедност и здравје при работа, да побараат од работодавецот информации во врска со планирањето и уредувањето на безбедноста и здравјето при работа, за превентивни и заштитни мерки и средства, за професионални заболувања и несреќи на работа, за прегледи и испитувања на орудијата и условите за работа и за обучување и оспособување на работниците за безбедна работа. Претставниците на работниците за

безбедност и здравје при работа своите активности ги извршуваат во согласност со непосредните раководители.

Друштвото е должно колективно да ги осигура работниците за случај на смрт, смрт предизвикана од несреќен случај, смрт од болест и траен инвалидитет од повреда на работа на сопствен товар, и тоа под еднакви услови за сите вработени.

Друштвото има обврска да ги информира работниците за безбедно извршување на работата, преку писмени и усни известувања и упатства за работните задачи. При стапување во работниот однос, работникот одблизу се запознава со работните задачи, како и од опасностите на работа, и со правата и обврските кои се предвидени во врска со безбедноста и здравјето при работа, а согласно со Законот за безбедност и здравје при работа.

## 3.2. Синдикат за образование, наука и култура – СОНК

### 3.2.1. КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА ДЕЦА ВО ДЕЈНОСТА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТАНИЕ НА ДЕЦАТА И ВО ДЕЈНОСТА ОДМОР И РЕКРЕАЦИЈА НА ДЕЦАТА

Во третиот дел од овој колективен Договор, се предвидуваат безбедноста и здравјето при работа во јавните установи за деца во дејноста на згрижување и воспитување на децата, и во дејноста одмор и рекреација на децата, како посебна категорија. Па така, според Член

37 на работникот му се обезбедува безбедност и здравје при работа, во согласност со пропишаните мерки и нормативи за безбедност и здравје при работа утврдени со закон. Работникот, исто така има право да одбие да работи во случај ако не му се обезбедени сите услови за работа согласно со закон, овој колективен договор, и колективен Договор на ниво на работодавач. Работодавачот е должен, и има обврска да обезбеди медицински преглед на работникот во согласност со закон, а средствата во овој случај се обезбедени од самиот работодавач.

Што се однесува на претставниците на работниците од областа на безбедноста и здравјето при работа, утврдени со закон, во член 39 се предвидува дека во спроведувањето на мерките за безбедност и здравје при работа, претставникот на СОНК има право и обврска да учествува и да даде мислење во неколку сфери, а тоа се: 1. Планирањето и унапредувањето на условите на работа, воведување нова технологија во работиот процес; 2. Да биде информиран за сите промени од влијание за безбедноста и здравјето на работникот; 3. Да се грижи за примената на прописите и спроведување на мерките за безбедност и здравје при работа; 4. Да го информира и бара интервенција на инспекцискиот орган кога ќе оцени дека се загрозени здравјето и животот на работникот, ако работодавачот тоа го пропушти или одбива тоа да го направи; 5. Да поднесе приговор на наодот на

инспекцискиот орган; и 6. Во други случаи утврдени со колективен договор на ниво на работодавач.

Според член 41 работодавачот е должен да ги утврди и обезбеди мерките и средствата за безбедност и здравје при работа на работниците при работа, согласно со закон или други прописи. За овие мерки и средства, задолжително е информиран претставникот на синдикатот.

### 3.2.2. КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во овој колективен Договор за основното образование во Република Македонија, нема предвидено одредби за безбедност и здравје при работа.

### 3.2.3. КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во овој колективен Договор исто така не се предвидени 00одредби кои ги регулираат безбедноста и здравјето при работа на вработените во средното образование.

### 3.3. Синдикат на администрација и државната управа на Македонија – САДУ

#### 3.3.1. ОПШТ КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА ЈАВНИОТ СЕКТОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Нема предвидено одредби со кои се предвидуваат и се регулираат мерки за безбедност и здравје при работа, за вработените во јавниот сектор на Република Македонија.

#### 3.3.2. КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА УРЕДУВАЊЕ, ОДНОСНО ДОУРЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА, ОБВРСКИТЕ И ОДГОВОРНОСТИТЕ ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ФОНДОТ ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Повторно не постојат одредби кои што ги регулираат и ги предвидуваат мерките за безбедноста и здравјето при работа на вработените во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија.

#### 3.3.3. КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Во случај на смрт на работник, предизвикана од несреќа при работа, на неговото семејство му се исплатува паричен надоместок во висина од петкратен износ од просечната месечна плата исплатена во Република Македонија во последните три месеци, гледано во времето на случувањето на смртта.

Кога станува збор за повреда и потешки последици на вработениот, предизвикани од елементарни непогоди, на работникот му се исплаќа надоместок во висина од најмалку една месечна плата исплатена во Република Македонија во претходните три месеци, гледано во времето на случување на елементарната непогода.

Според член 100 од овој колективен Договор, за непрекинато боледување подолго од 6 месеци поради повреда на работа или професионално заболување, му се исплатува надоместок во висина од една плата, исплатена во Република Македонија, во претходните три месеци, во моментот на исплаќање на надоместокот.

На рабтникот кој работи посебно тешки, напорни и штетни по здравјето работни задачи, а истото штетно влијание кое што влијае врз неговото здравје, односно врз неговата работна способност, не може да се отстрани во целост со одредени заштитни мерки, работното време се скратува сразмерно на штетното влијание кое го предизвикуваат работните задачи, а истото не изнесува помалку од 36 часа во една работна недела. Овие работни места и работни задачи, кои се тешки, штетни и напорни, како и сразмерното скратување на работното време, ги определува работодавачот. Посебните услови за работа на работните места, кои се со зголемена опасност по безбедноста и здравјето на работникот, за секое работно место одделно, се утврдува со Правилникот за

систематизација на работните места во администрацијата на општина Кисела Вода.

### 3.3.4. ОПШТ КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР ОД ОБЛАСТА НА СТОПАНСТВОТО (ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

Во овој колективен Договор, не постојат конкретни одредби за безбедноста и здравјето при работа, но се предвидувааат претставници за безбедност и здравје при работа. Имено, претставникот за безбедност и здрабје при работа, го избираат вработените од своите редови, на собир на синдикатот, односно синдикален собир на мнозинскиот синдикат, по предлог на синдикатот. Бројот на претставниците од вработените за безбедност и здравје при работа, е сразмерен, и зависи од бројот на вработените во претпријатието, согласно предвиденото во Законот за безбедност и здравје при работа.

### 3.3.5. КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

Министерството за одбрана, има обврска да обезбеди безбедност и здравје при работа на работниците, во согласност со закон. Истото, во рамките на своите надлежности, презема соодветни мерки кои се неопходни за нивната безбедност и здравје при работа. Мерките за

безбедност и здравје при работа, кои се во доменот на Министерството за одбрана, опфаќаат особено: заштита од професионални ризици, обезбедување соодветни и потребни информации во секој момент, обука и едукација на вработените, обезбедување на потребните средства и услови кои се неопходни за безбедност и здравје на вработените, и други мерки со кои се подобруваат условите за работа, а истовремено се штити здравјето на вработените. Мерките за безбедност и здравје при работа, облеката и опремата на вработените за нивна заштита при работа, и начинот на употреба на опремата, се уредуваат со интерен акт, кој го донесува министерот во соработка со Синдикатот. Споменативе мерки за безбедност и здравје при работа се обезбедуваат особено преку неколку методи предвидени со колективниот Договор, а тоа се: назначување на стручни лица за безбедност и здравје при работа; обука на работниците за безбедно извршување на работата; обезбедување опрема за лична заштита и едукација за нејзина употреба; редовно следење на здравствената состојба на работниците; задолжителни годишни здравствени прегледи; и други мерки утврдени со закон.

## 3.4. Синдикат на работниците од угостителството, туризмот, комунално – станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на Република Македонија – СУТКОЗ

### 3.4.1. КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

Член 11 – Во овој член се набројуваат обврските на работодавачот меѓу кои е предвидено и дека тој е должен на работникот да му обезбеди безбедни услови за работа и да ја заштити личноста на работникот.

Член 82 – Каде се предвидува за работниците кои работат во особено тешки услови и се изложени на опасност по нивното здравје работното време да му се скрати сразмерно со штетните последици по неговото здравје но не помалку од 36 часа неделно. Исто во овој член е предвидено дека кои работни места се штетни по здравјето на работникот како и за должината на работното време на тие места одлучува надлежен орган кај работодавачот по претходно добиено мислење од синдикатот.

VIII глава – член 114 – се гарантира правото на работникот за заштита при работа.

Член 115 – Објаснување што се подразбира под заштита при работа и учеството на Синдикатот за утврдувањето на заштита при работа.

Член 116 – Право на работникот да биде запознаен со сите опасности при извршувањето на својата работа и заштита при работата.

Член 117 – Овде е предвидено право на работникот да одбие да работи доколку не се спроведени пропишаните мерки за заштита, се отстранети или е распределен на работно место кое не ги исполнува критериумите за заштита при работа.

Член 118 – до Член 122 – Предвидени се правата и обрските за безбедноста на посебната група на работници односно лица кои не навршиле 18 години, бремени жени, инвалиди и повозрасни работници.

### 3.4.2. КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА УГОСТИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 11 – Каде како обврска на работодавачот е предвидена да му обезбеди безбедни услови за работа на вработените.

Член 87 – За работниците кои работат во особено тешки услови опасни по нивното здравје се предвидува скратување на работното време но не помалку од 36 часа неделно.

Член 118 до член 121 – Објаснување за заштита при работа, учестовот на репрезентативниот синдикат за заштита при работа, право на работникот за запознавање со сите опасности при извршување на работата и можност да одбие да работи доколку не се исполнети спроведени или отстранети мерките за заштита при работа.

Член 122 до член 126 – Се однесуваат за здравјето и безбедноста на посебна група вработени.

### 3.4.3. КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА ЗАШТИТНИТЕ ДРУШТВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Глава Х., Член 85 – Во овој член се зборува за правото на работник за здравје и безбедност при работа како и дека мора да бидат исполнети условите за безбедност и здравје при работа.

Член 86 – Обврска на работодавачот дека не може да му понуди нов договор за работа или ново работно место на работник кое е инвалидно лице доколку тоа работно место не ги исполнува потребните услови за работа на инвалидното лице но и мора да се добие претходно мислење и наод од Комисија од МТСП. Овде исто е предвидено и за инвалидно лице да биде работодавач или одговорно лице кај работодавач мора да добие позитивно мислење од истата комисија.

Член 87 – Се предвидува можност за инвалидното лице да се оспособи за определена работа и тоа или кај работодавачот или според други програми согласно подзаконските акти и законот за вработување на инвалидните лица.

Член 88 – Обврски на работодавачот при вработување на инвалидни лица во однос на потребните услови.

Член 89 – Право на работникот да одбие да работи на раб место кое го загрозува неговото здравје или би го загрозувало. Содржината од овој член всушност е иста во сите колективни договори.

Член 101 – Се однесува на претставник за здравје и безбедност при работа кој го избираат вработените од своите редови на предлог на синдикатот.

## 3.5. Синдикат на работниците од текстилната, кожарската и чевларската индустрија на Република Македонија – СТКЧ

### 3.5.1. КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 60, 61, 63, 64 – Овие членови не се однесуваат на здравје на безбедноста и здравјето при работа

конкретно, но се однесуваат на ноќната работа и правата на работниците кои работат ноќна смена, ограничувањата во однос на ноќната смена како и консултирањето на синдикатот во однос на ноќна смена. Всушност тука се опфатени одредбите од ЗРО за трета смена. Други членови за БЗР нема.

3.5.2 КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА КОЖАРСКАТА И ЧЕВЛАРСКАТА ИНДУСТРИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 61 до 64 - Исто и овде овие членови се однесуваат на заштита на работниците и работничките кои работат ноќна смена не се заштита и безбедност при работа конкретно.

Конкретен член за БЗР нема.

## 3.6. Агро – Синдикат

3.6.1. КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ОД ТУТУНСКОТО СТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 154 – Се гарантира правото на работниците а заштита при работа и условите потребни за безбедност при работа, обврска на работодавачот да донесе општ акт за здравје и безбедност при работа и да го информира работникот за можните опасности и право на работникот да одбие да работи доколку не се исполнети потребните услови.

Член 155 – Обврска на работодавачот во согласност со научните сознанија да обезбеди најсовремени услови за здравје и безбедност при работа односно да ги оспособи работните места, да го информира синдикатот за повредите на работното место, несреќи повреди и друго.

Член 155а – Се однсува за претставник за здравје и безбедност од редовите на работници кој се избира на синдикален собир на предлог на синдикатот.

Член 156 до 159 – Членови во кои се зборува за заштита и безбедноста на посебната група на работници односно жените, повозрасните лица и лицата кои не навршиле 18 годишна возраст. Она што е предвидено во ЗРО за овие категории на работници е препишано и во овие членови.

### 3.6.2. КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И ПРЕХРАНБЕНАТА ИНДУСТРИЈА

Член 133 – Одредба во која е предвидено дека работникот има право на заштита при работа согласно Законот за здравје и безбедност при работа.

## 3.7. Синдикат на хемија, неметали и метали на Република Северна Македонија – СХНМ

### 3.7.1. КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА ХЕМИСКАТА ИНДУСТРИЈА

Нема одредби за БЗР.

## 3.8. Самостоен синдикат а здравство, фармација и социјална заштита

### 3.8.1. КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ДЕЈНОСТ

Член 38 – Овој член предвидува дека со колективен договор на ниво на работодавач треба да се утврдат условите за безбедност и заштита при работа, да се утврдат работните места кои се зголема опасност за здравјето и безбедноста на работниците како и да се утврди дали работниците се способни за работа на такво работно место.

Член 39 – Задолжително осигурување на работниците за случај на смрт, повреда при работа или друга несреќа.

Член 40 – Всушност овој член е обврска за работодавачот да обезбеди сигурни и безбедни

работни места како и процес на работа односно да ги следи современите мерки и нормативи како и сознанија за заштита на здравјето и безбедноста при работа.

Член 41 – Обврска за работникот да ги почитува правилата за заштита и безбедност при работа.

Член 42 – Работникот мора да биде запознаен за сите опасности на работното место од страна на работодавачот.

Член 43 – Право на работникот да одбие доколку не се исполнети потребните услови за БЗР.

Член44 – Обврска за работодавачот работно време, работно место да го прилагоди според тоа колку е штетно по здравјето и безбедноста и здравјето при работа како и работниците редовно да посетуваaат систематски прегледи.

Член 45 и 46 – Се однесуваат на Синдикатот односно неговото право да биде информиран и да се грижи за исполнување на предвидени услови за БЗР како и да поднесе иницијатива за поведување на постапка онаму каде не се исполнети условите за БЗР но и да покрене постапка онаму каде што работодавачот не ги исполнува условите.

Член 47 – Се однесува за чување на достоинството на работникот од страна на работодавачот однсно обезбедување на услови каде што ќе биде почитувано достоинство и интегритетот на работникот.

Член 48,49,52,51 и 52 – Се однесуваат на заштита на посебната група на работници.

## 3.8.2. КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Член 41 – Почитување на нормите од Законот за заштита и безбедност при работа како и обврска на работодавачот да ги обезбеди потребните услови и да утврди на кои работни места постои зголемена опасност по здравјето и безбедноста на работниците.

Член 42 и 43 – Исто се предвидува обврска за работодавачот задолжително да ги осигура работниците и постојано да ги следи законските норми и научните сознанија за да обезбеди безбедни услови и заштита на. работни места.

Член 44 – Обрска на работникот да ги почитува правилата за заштита и безбедност при работа.

Член 45, 46 и 47 – Обврска на работодавачот да ги информира работниците за опасностите на работните места како и постојано да ги проверува и обезбедува потребните услови за БЗР на работните места и да ги праќа вработените кои работат на ризични работни места на здравствени прегледи.

Член 49 и 50 – Се однесуваат како и во претходниот колективен договор за учеството и правата на Синдикатот за БЗР.

Член 51 – Се однесува за почитувањето на достоинството и интегритетот на работникот кое работодавачот е должен да го обезбеди.

## 3.9. Македонски полициски синдикат – МПС

### 3.9.1. КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Членови од 133 до 137 – Во сите овие членови се утврдени обврските на МВР за заштита и безбедност на нивните вработени. Утврдена е обврска на МВР да ги превзема сите потребни мерки за да обезбеди безбедност и здравје на вработените и тоа пропишување на посебни правила, обуки,

професионални ризиви, обезбедување посебни средства и нивна достапност до вработените. За се поврзано со БЗР МВР мора да го вкули и Синдикатот. Исто предвидени се и правилници според кои треба да се обезбеди безбедност и здравје при работа како и психолошки советување за лица кои претрпеле определени трауми на работното место.

Член 138 – Се однесува на претставник од редовите на работниците за БЗР кој се бира на предлог од репрезентативниот Синдикат, како и неговите обврски постојано да следи какви се состојбите со БЗР во МВР, да се консултира со работниците, да разговара со претставници од МВР да ја информира инспекцијата за определени неправилности и др.

Член 139 и 140 – Се однесуваат на правото но и обврската на вработените во МВР за безбедноста и здравјето при работа.

Член 141 – Се однесува за учеството на Синдикатот во обезбедувањето на безбедноста и здравјето во МВР и тоа преку можност активно да учествува во унапредувањето на БЗР, да биде информиран, да иницира постапки пред инспекторскиот надор, да ја следи примената на прописите од БЗР и др.

## 3.10. Синдикат на одбраната и безбедноста – СОБ

### 3.10.1. КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

Член 53 – Обврска на Министерството да ги обезбеди потребните услови за безбедност и здравје при работа на вработените преку обебзедување посебни средства и услови, обуки и едукација, процена професионални ризици и др мерки.

Член 54 – Се поврзано со безбедноста и здравјето при работа се донесува со интерен акт помеѓу МО и Синдикатот.

Член 55 – Се однесува на претставник за здравје и безбедност од редот на работниците, како и обуки, едукација, здравствени прегледи, и други мерки за обезбедување на безбедност и здравје при работа.

Член 56 и 57 – Се однесуваат на задолжителен преглед на вработените на секој 3 месеци на трошок на МО како и обврска за вработените задолжително да ја носат потребната опрема и да ги почитуваат правилата за БЗР.

Член 58 и 59 – Се однесуваат за учеството на Синдикатот за обезбедување на потребните услови за

здравје и безбедност при работа односно можноста да предлага мерки за подобрување на условите за безбедноста при работа како и да иницира постапка пред надлежните органи доколку не се исполнети потребните услови.

Член 60, 61, 62, 63 – Посебна заштита за определени работни места како и посебна заштита на посебната група на вработени.

## 3.11. Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија – УПОЗ

### 3.11.1. КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР НА ДРЖАВНИТЕ, ПРАВОСУДНИТЕ И ОРГАНИТЕ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Член 30 и 31 – Обврска на работодавачот со колективен договор да ги утврди потребните услови за безбедност и здравје при работа како и да утврди кои работни места се со ризик по здравјето и безбедноста при работа. Исто така обврска да се праќаат вработените на редовни медицински прегледи за да се спречат професионални заболувања и др.

Член 32 – Се однесува на обврска на работникот да ги почитува правилата за здравје и безбедност при работа.

Член 33 и 34 – Правото на Синдикатот да учествува во обезбедувањето на условите за БЗР, како и постојано да се информира, проверува дали се исполнети условите, да дава предлози за подобрување на условите и да иницира постапка пред надлежните органи доколку не се почитуваат потребните услови.

## 3.12. Синдикат на работниците од шумарството, дрвната индустрија и енергетиката на Република Македонија – СШДЕ

### 3.12.1. КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА РАБОТНИЦИТЕ ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ШУМИ – МАКЕДОНСКИ ШУМИ

Член 92, 93 и 94 – Се однесуваат на право на работниците за заштита и безбедност при работа, опишување на се што опфаќа безбедноста и здравјето при работа, како и обврска на работодавачот да ги обезбзбеди сите потребни услови за БЗР но и да ги осигура вработените за случај на незгоди, несреќи,

повреди и смрт на работното место како и учество на Синдикатот за се што е поврзано со БЗР.

Член 95 и 96 – Право на работникот да биде запознае со сите опасности на работното место како и да одбие да работи на работно место на кое не се исполнети условите предвидени за здравје и безбедност при работа.

Член 97 до 101 – Заштита на посебната група на работници.

## 3.13. Самостоен синдикат на работниците од енергетика и стопанство на РСМ – ССЕСМ

### 3.13.1. КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА ЕНЕРГЕТИКА

Член 73 – Се однесува на претставник од редовите на вработените за заштита на здравјето и безбедност при работа кој се бира на синдикален собир на мнозинскиот Синдикат на предлог од синдикатот.

Член 74- Во овој член се предвидува обврска за работодавачот да го информира работникот за опасностите по здравјето и безбедноста на работното место како и да ги обезбеди сите потребни услови за безбедност и здравје при работа преку донесување на општ акт.

Исто овде се утврдени и правата на работникот за заштита при работа како и можноста да одбие да работи доколку не се исполнети потребните услови за работа.

Член 75 – Во овој член се утврдува обврска на работникот постојано да ги следи нови законски нормативи, решенија како и научни сознанија со цел постојано да ги усовршува и подобрува условите за безбедност и здравје при работа, да обезбедува обуки за здравје и безбедност при работа како и постојано да го информира Синдикатот за повредите на работние места, несречите, професионалните заболувања и др.

Член 76, 77 и 78 – Обезбедување посебна заштита на здравјето и безбедноста при работа на посебната група на вработени односно, бремени жени, повозрасните работници, инвалиди и др.

**<u>*Заклучок</u>:** Од погоре обработените колективни договори и начинот на кои тие го регулираат системот на безбедност и здравје при работа ние можеме да утврдиме дека се уште ние немаме развиено свест но и волја за по пат на колективно договарање во нашите колективни договори ја уредиме здравјето и безбедноста при работа. Како што можете да увидите во оваа наша кратка анализа на колективните договори ние гледаме само копирани одредби од закон за безбедност и заштита на здравјето при работа. Скоро во сите колективни договори одредбите

се исти и нема утврдено ништо ново или инвативно со мал исклучок на неколку колективни договори. Ова ни укажува дека ние мораме уште многу да работиме на колективното преговарање за здравјето и безбедноста при работа, да ги зајакнеме капацитетие на засегнатите страни, да ги отвориме колективните договори и по пат на нови методи и начини да оваа област по детално ја разработиме во нашите колективни договори но и да придонесеме за полесна и побрза имплементација во праксата. За таа цел подлу во ова наше истражување ние нудиме мерки и начин на кои тоа би го изведиле и би придонесиле поголемо актуелизирање на оваа област со крајна цел нивна разработка во колективните договори и полесна имплеметација во праксата.

## 4. СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ОД РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА

### 4.1. Извештај на несреќи при работа

### Годишен извештај за 2018 – Смртни случаи, повреди и несреќи при работа

Бројката за несреќи при работа за 2018 година е прилично голема и изнесува 124 несреќи при работа. За жал, 33 несреќи при работа од вкупно 124, биле фатални. Стапката на смртни случаи при работа во Македонија изнесува 4,34

односно тоа значи дека на секои 100.000 вработени загинуваат по 4 до 5 вработени. Ова покажува дека е алармантен е факто што стапката на смртни случаи при работа во Македонија е зголемена за разлика од 2017, а тогаш изнесувала 3,22. Овие податоци, споредени со Велика Британија, каде што стапката изнесува околу 0.5, доаѓаме до податок дека Македонија има екстремно висока стапка на фатални несреќи при работа. Што се однесува пак до повредите при работа на вработените, тогаш стапката на повреди при работа за 2018 година изнесува 16,33 што значи дека на секои 100.000 вработени, при работа се повредуваат од 16 до 17 вработени. Овде, споредено со претходната 2017 година, стапката на повреди при работа на секои 100.000 вработени, изнесувала 18 вработени, што значи дека стапката на повреди во 2018 година, незначително малку се намалила.

| Стапка на несреќни случаи | Вкупно | Примерок | Вкупно вработени | Стапка |
|---|---|---|---|---|
| Повреди | 124 | 100.000 | 759.054 | 16.33 |
| Смртни случаи | 33 | 100.000 | 759.054 | 4.34 |

ПОВРЕДИ И СМРТНИ СЛУЧАИ СПОРЕД ГРАДОВИ ЗА 2018

Во Република Северна Македонија има 34 градови. Во 2018 година во 30 од нив се случиле несреќи при работа на вработените, што значи, тоа изразено процентуално дури во 88% биле забележани несреќи при работа. Скопје е град во кој има најголем број на случени несреќи при работа. Потоа, следат Гостивар и Штип. Што се однесува на смртни случаи поврзани со работното место, оваа 2018 година, најголем број смртни случаи при работа, се случиле во Скопје, Штип и Струмица.

| Несреќи по работа | Повреди | Смртни случаи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Берово | 2 | 2 | 4 |
| Битола | 7 | 0 | 7 |
| Валандово | 0 | 0 | 0 |
| Велес | 6 | 0 | 6 |
| Виница | 0 | 0 | 0 |
| Гевгелија | 0 | 0 | 0 |
| Гостивар | 11 | 2 | 13 |
| Дебар | 0 | 0 | 0 |
| Делчево | 1 | 1 | 2 |
| Демир Хисар | 0 | 0 | 0 |
| Демир Капија | 1 | 1 | 2 |
| Кавадарци | 2 | 0 | 2 |
| Кичево | 4 | 2 | 6 |
| Кочани | 7 | 1 | 8 |
| Крива Паланка | 2 | 2 | 4 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Куманово | 7 | 2 | 9 |
| Маврово | 1 | 1 | 2 |
| Македонска Каменица | 2 | 0 | 2 |
| Неготино | 5 | 0 | 5 |
| Охрид | 3 | 0 | 3 |
| Прилеп | 3 | 1 | 4 |
| Пробиштип | 0 | 0 | 0 |
| Радовиш | 0 | 1 | 1 |
| Ресен | 2 | 0 | 2 |
| Свети Николе | 1 | 0 | 1 |
| Скопје | 48 | 6 | 54 |
| Струга | 2 | 0 | 2 |
| Струмица | 0 | 3 | 3 |
| Тетово | 2 | 1 | 3 |
| Штип | 4 | 4 | 8 |
| Странство | 1 | 3 | 4 |
| Вкупно | 124 | 33 | 157 |

НЕСРЕЌИ СПОРЕД ДЕЈНОСТИ ЗА 2018

Несреќите по дејности, се класифицирани во табелата подолу според националната класификација по дејности – НДК. Во 2018 година, најмногу несреќи има во дејноста „Градежништво“, по неа следи „Дејности на домаќинствата како работодавачи“ - дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби. Најголем

број на несреќи кои за жал завшриле трагично, има во „Дејности на домаќинствата како работодавачи“, а по нив следуваат смртните случаи при работа во дејноста „Градежништво“. Дејностите на домаќинствата кои се споменуваат погоре, како работодавачи и вработени ги опфаќаат земјоделските работи на сопствени имоти, при тоа не регистрирани како такви. Доколку овие лица ја регистрираат својата работа, ќе бидат регистрирани како земјоделци, па тогаш голем број од несреќите и повредите би се припишале на дејноста „Земјоделство“. Најголем број на несреќи во дејностите регистрирани како „Дејности на домаќинства како работодавачи“, се случиле со земјоделска машина – трактор, камион, при вршење на земјоделски работи, при учество во сообраќај или пак при транспорт. Градежните работи врз објектите од домаќинството, исто така придонесува а зголемениот број на повреди и смртни случаеви при работа, а ова покажува дека дејнностите во домаќинствата се една од најчестите причини за настанување на несреќи при работи, иако истите често не се сметаат за несреќи при работа само затоа што се случуваат во домаќинствата.

| Национална класификација на дејности – НКД | Повреди |
|---|---|
| Административни и помошни услужни дејности | 1 |
| Градежништво | 31 |
| Дејности во врска со недвижен имот | |

| | |
|---|---|
| Дејности на домаќинствата како работодавачи, дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби | 12 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | |
| Други услужни дејности | 12 |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 4 |
| Информации и комуникации | |
| Јавна управа и одбрана, задолжително социјално осигурување | 29 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | |
| Образование | |
| Преработувачка индустрија | 16 |
| Рударство и вадење камен | 4 |
| Снабдување со вода, отстранувањена отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | |
| Стручни, научни, и технички дејности | |
| Транспорт и складирање | 14 |
| Трговија на големо и мало, поправка на моторни возила и мотоцикли | |
| Вкупно | 124 |

При смртен случај на работно место, или повреда на работно место се надлежни различни инспекциски служби, кои извршуваат увид на местото на случување на несреќата. На пример, во рударството, увид во несреќите на работно место извршува рударски инспектор. Од друга страна пак, инспекцијата за заштита при работа во состав на Министерството за труд и социјална политика, не врши

увид и не оди евиденција за несреќите на работниците во сообраќајот, одбраната, секторот на полицијата, и за други несреќи настанати при вршење на дејности во домаќинствата, кои и тоа како се од голема важност да постојат како најверодостојни и официјални податоци.

## 5. ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Врз основа на погоре изнесените и законски рамки, анализи и статистички податоци ние можеме да констатираме дека на системот на безбедност и здравје при работа треба уште многу да се работи и развива. Колективното преговарање како клуч за успешен систем за здравје и безбедност при работа во нашата држава се уште не е доволно развиено и мора да се воведат нови начини и механизми за таа цел ние ги предлагаме подоле наведение мерки.

- Поттикување на колективното преговарање за здравјето и безбедноста при работа.

1. Со цел да се поттикне колективното преговарање за здравјето и безбедноста при работа покрај организациите на работниците и работдавачите потребно е да се вклучат и јавните органи и нивните институциски капацитети со цел полесен пристап и до информации но и ресурси.

2. Дијагностички процес. По пат на дијагностирицирање на реалната состојба со безбедноста и здравјето при работа да се утврдат реалната состојба на теренот. Ова би подразбирало прибирање податоци од најразчините сектори за тоа каква е состојбата со БЗР во тие сектори, како оди имплементацијата на БЗР во тие сектори, кои се недостатоците а кои силните страни. Анализирање на компаративни меѓународни практики.

- Зајакнување на капацитетите на преговарачите

  Со цел колективното преговарање за БЗР да постигне определен резултат потребно е да се формираат тимови кои ќе преговараат за БЗР на нивно на гранка но пред тоа преговарачите од двете страни мора да го имаат потребното знаење но и податоци и информации за БЗР кои ќе ги добиат во погоре наведената фаза.

  1. Обуки за синдикатите за БЗР, обуки за Работодавачите за БЗР и заеднички обуки и на едните и на другите. Обуки за синдикатите и за работодавачите на ниво на гранка.
  2. Вклучување и на универзитетие односно професорите кои професионално се занимаваат со БЗР со цел поголемо зајакнување на капацитетите на преговарачките страни.

- По пат на колективното преговарање формирање на посебни тела (Комисии) на нивно на гранка кои ќе бидат задолжени за БЗР на нивно на гранка кои би биле составени од претставници од вработените од таа гранка, работодавачите, експерти но и претставници од Инспекторатот за труд.

  1. Ова тело би имало следниве работни задачи: Постојану утврдување на фактичката состојба со БЗР на ниво на гранка, следенење на новите регулативи за БЗР во развиените европски држави, користење на нови научни метди со цел предлагање на планови и мерки за подобрување и унапредување на состојбата со БЗР во нивните гранки, соработка со сите засегнати страни и институции кои се занимаваат со БЗР.
  2. Формирање на Национален Совет кој ќе работи на БЗР на Ниво на целата држава за БЗР.

- Спроведување на колективните договори

  Покрај тоа што треба да се воведуваат нови иновативни решенија за БЗР во колективните договори потребно е и нивна имплементација по нивното донесување што еден од најголемите проблеми со кои се соочуваме ние.

  1. Информирање на сите засегнати страни за новините кои се предвидени во колективните

договори а кои се однесуваат за БЗР и нивно толкување со цел полесна имплементација и разјаснување на сите нејаснотии поврзани со новите одредби предвидени во колективните договори.

2. Формирање на тела во кои ќе бидат вклучени претставници од двете страни кои биле вклучени во колективното преговарање кои ќе имаат задача на засегнатите страни да им помогнат во имплементација но новите одредби но и кои ќе вршат надзор над она што е имплементирано.
3. Информирање на инспекторот на трудот од страна на ова тело за се она што е предвидено да се имплементира но во случај на прекршување на предвидените одредби.
4. Одржување на седници на ова тело најмалку еднаш месечно со цел анализирање на состојбите и носење заклучоци.